Врз основа на член 5 став (3) од Одлуката за формирање на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.72/22), а во врска со член 6 став (2) од Законот за волонтерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19 и 103/21), Шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Програма се утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на волонтерските услуги, начинот и постапката за обезбедување на волонтери, како и начинот на уредување на правата и обврските и времето на ангажирање во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Канцеларијата).

Член 2

Канцеларијата како организатор на волонтерската работа има потреба од ангажирање на 8 волонтери со завршено високо образование или најмалку 180 кредити според ЕКТС и со знаења и вештини, потребни за давање услуги во Канцеларијата.

Член 3

Волонтерите во Канцеларијата ќе даваат услуги на поддршка во ангажманот и работата на советниците и соработниците и ќе помагаат во извршувањето на работите и работните задачи на административните службеници во Канцеларијата.

Член 4

Потребата од волонтери ќе се обезбеди преку јавен повик објавен на веб-страницата на Владата.

Член 5

Канцеларијата со секој од волонтерите ќе склучи поединечен договор за волонтирање, во кој ќе се регулираат обврските на Канцеларијата како организатор на волонтерската работа и правата и обврските на волонтерот.

Член 6

Волонтерите за давањето на услугите, знаењата и вештините за работите од надлежност на Канцеларијата имаат право на надоместок на трошоци за храна и трошоците за превоз до и од местото на волонтирањето во висина до 15% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година, а трошоците за службени патувања и трошоците за обука (доколку за тоа има потреба), се исплатуваат во иста висина како за вработените во Канцеларијата.

Член 7

Ангажирањето на волонтерите во Канцеларијата ќе биде во времетраење од 3 месеци, односно до крајот на оваа календарска година.

Член 8

За завршена волонтерска работа на волонтерот му се издава волонтерска книшка.

Во волонтерската книшка се опишуваат работите што ги вршел волонтерот и периодот во кој ги извршувал тие работи.

Член 9

Оваа Програма влегува во сила и се применува со денот на донесувањето.

Бр.08-2406/1
23.08.2022 година
Скопје

**Шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Мартин Попов**